УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

# ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

## ВО ПЕРИОДОТ 15. 09. 2022 – 14. 09. 2025 ГОДИНА

Кандидат за Ректор

Проф. д-р Зоран Панов

Штип, мај 2022

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ..... 3
2. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ..... 6
   2.1. Зголемување на квалитетот на наставата ..... 6
   2.2. Наставни планови и програми ..... 7
   2.3. Практична настава ..... 8
   2.4. Наставници и соработници ..... 8
   2.5. Студенти ..... 10
   2.6. Администрација ..... 11
3. НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА И УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ ..... 13
   3.1. Научно – истражувачка дејност ..... 13
   3.2. Уметничка дејност ..... 15
4. ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..... 16
5. НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР И ЛАБОРАТОРИИ ..... 17
6. УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ ..... 18
7. УНИВЕРЗИТЕТСКИ СПОРТ ..... 19
8. ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА ..... 20
9. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ..... 22
ЗАКЛУЧОК ..... 23

# 1. ВОВЕД

Потребна е голема активност, многу време и анализи да се дефинираат програмските цели за развој на било кој универзитет имајќи ги во предвид сите предизвици на современиот начин на живеење, глобални кризи и немири. Живееме во турбуленто време во кое треба и на соодветен начин да се однесуваме и да ја развиваме и зацврстуваме нашата универзитетска автономија во правец на сопствена структурална организација, финансиска независност и слобода во одлучувањето.

Ова е голем предизвик кој бара од менаџерскиот тим на Универзитетот да биде спремен одговрен и решителен за консолидирање, зајакнување и развој.

Постојат многу начини да се изгради стратегија и треба да се искористи секоја можна релација и контакт за да се реализира мојата визија за консолидирање и понатамошен развој на Универзитетот. Мојата програма за развој е базирана на следните осум цели:

**1. Зајакнување на сите капацитети во рамките на Универзитетот за подигнување на квалитетот на наставата**
Оваа цел ќе се изведува преку подигање на значењето на професорскиот и соработничкиот кадар на Универзитетот, но и поактивно вклучување на студентите во наставниот процес;

**2. Целосна мобилизација на сите активни чинители на наставната и пред сè научно – истражувачката дејност**
Со реализацијата на оваа цел се планира до крајот на наредниот тригодишен период, УГД да биде изразито повисоко рангиран и да стреми на позиција кон првите 1.000 универзитети на светските ранг-листи, пред сè на Шангајска листа на рангирање на универзитети;

**3. Универзитетот да стане центар на научно – истражувачка работа**
Како центар на научно – истражувачка работа треба да биде и иницијатор за учество и изградба на технолошко – развојни зони, центри за трансфери на технологии и знаења и сл. Засилување на работата на научно – истражувачки центар со фокусирање на можноста за заеднички и комплементарни истражувања од повеќе факултети. Денес, развојот на претприемачки универзитет е во согласност со најновите текови за развој на високото образование во Европа и светот. Мојата визија е во наредниот период, секој факултет на Универзитетот, да реализира најмалку по 3 активни меѓународни научно - истражувачки проекти, а секоја академија да биде инволвирана во соодветни меѓународни настани и проекти;

**4. Акредитирање на интердисциплинарни студии како и студии на англиски или на други светски јазици**
За реализација на оваа цел, ќе инсистирам на максимална поддршка за акредитација на нови студии на англиски јазик, како и стимулирање на наставниците кои ќе издаваат учебни помагала на англиски и други светски признати странски јазици.

**5. Зголемување на мотивираноста на наставниот и соработничкиот кадар**
Зголемувањето на мотивираноста ќе се изведува со континуираното залагање за зголемување на платите на наставниот и соработничкиот кадар преку интензивирање на соработката и комуникациите со Владата и ресорните министерства и обезбедување на дополнителни средства од сопствената сметка на Универзитетот. Кон зголемувањето на мотивираноста на наставниците ќе придонесе и зголемувањето на менторскиот надоместок за II и особено III циклус.

**6. Подобрување на условите за студирање и стандардот на студентите**
Оваа цел ќе се реализира преку заеднички ангажамн и соработка на Универзитетот, Министерството за образование, Локалната самоуправа, Владата и стопанството. Главна цел е подигање на студентот на ниво на партнер како во реализација на наставната, така и во научно - истражувачката мисија на Универзитетот;

**7. Обезбедување на подобри услови за работа на факултетите**
Реализацијата на оваа цел ќе се изведува преку изнаоѓање на решенија за обезбедување на простор, обезбедување на нови вработувања, повеќе финасии и сл. Во основа, за ова е потребна интензивна соработка со државните институции за изнаоѓање на дополнителен простор, за изградба на нов, како и за нивно опремување;

**8. Консолидирање и зајакнување на интегративните функции на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**
Со реализацијата на оваа цел ќе се овозможи поедноставно и поефикасно администрирање на дејностите на факултетите и академиите. Но и децентрализирање и делегирање на одредени административни фукнции на деканите на единиците;

Како дополнителна цел за чија реализација се потребни поголеми напори и време е и идејата за формирање на:

**Универзитетски клинички центар**
Реализацијата на оваа цел ќе зависи и од многу фактори и има барем засега многу непознаници. Како и да е, мое видување е дека Универзитетот “Гоце Делчев“ во Штип, пред сѐ Факултетот за медицински науки, Клиничката болница, Министерството за здравство и Локалната самоуправа имаат капацитет за реализација на оваа цел. Моменталната изградба на новиот објект на Клиничката болница во Штип оди во прилог на оваа цел. Формирањето на Универзитетскиот клинички центар ќе бара многу активности, подолг период на реализација, учество на голем тим, ќе бара обезбедување на соодветни проектни документации, дозволи и согласности. Доволно би било ако оваа цел добие поддршка и започне нејзина реализација во наредниот 3 годишен период.

Во текот на раководењето со Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип би се залагал и за оживување на идејата за **формирање на студентски град**. И за реализацијата на оваа цел се потребно многу активности и поддршка од државни органи и локалната самоуправа.

Програмските цели би ги надополнил со моето мото, а тоа е: **„Универзитетот да создаде клима за работа и напредок за сите!“**. Сите не сме исти, но за секој мора да се обезбедат основни услови за негова работа, развој и напредок, да бидеме во чекор со времето. Не е цел само опстанокот на Универзитетот. Треба и е понатаму да се развиваме и надградуваме.

Имајќи во предвид дека Универзитетот во основа е наставна и научно – истражувачка организација, мора да се стремеме кон:

1) Образување на високо квалитетни високообразовани кадри.
2) Да креираме знаење и вештини, иновативност, претприемништво и конкуретност.
3) Да не чекаме некој од “надвор“ да нѐ менува. Ние во Универзитетот, внатре, треба да се менуваме и тоа секојдневно, кон подобро и поефикасно работење.
4) Да имаме слух кон барањата на пазарот на труд. Да креираме наставни планови и програми кои се атрактивни и конкуретни.
5) Како државна институција имаме и општествена одговорност да помогнеме и на државата и на локалната самоуправа.

# 2. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Високообразовната дејност во наредниот период во Република Северна Македонија ќе биде во постојано искушение на влијанијата на очекуваните промени по добивањето на датум за преговори со ЕУ. Секако, нашата држава ќе се стреми да ги усогласува политиките во високото образование по отворањата на соодветните поглавја од преговорите со ЕУ. Наставната дејност на Универзитетот пред сè ќе бара континуирани промени и прилагодувања како кон хармонизацијата со легислативите на ЕУ така и со барањата за одредени дејности на берзите на труд.

Предлогот кон зголемувањето на ефикасноста на наставно – образовниот процес би одел кон остварување на следните програмски цели кои ќе бидат дадени во продолжение.

## 2.1. Зголемување на квалитетот на наставата

Во продолжение дадени се активностите за зголемување на квалитетот на наставата:

**Зголемување на мотивираноста на наставничкиот и соработничкиот кадар како и нивно перманентно усовршување**
Тоа би значело не само воведување на наградување на наставниците туку и нивна поинклузивна вклученост во наставниот процес, како од аспект на поддршка при издавање на учебници и други наставни помагала, така и од аспект на нивна интеграција во наставниот процес. Наградувањето особено ќе биде зголемено за менторите на студентите од II и особено од III циклус. Посебно внимание ќе се посвети на менторството кај оние наставни планови и програми кои имаат акредитација на странски јазик. За постигнувањето на оваа цел, предвидена е и активност за перманентно усовршување на наставниците и соработниците.

**Зголемување на мобилноста на наставниот и соработничкиот кадар и студентите**
Оваа активност треба рапидно да се зголеми. Потребно е да се мобилизираат сите достапни проектни линии за мобилност. Нема развој на универзитет, каде наставниот и соработничкиот кадар не стекнува нови знаења и вештини на други универзитети и научни институции. За ова, пред сè, ќе биде стимулирана мобилноста кај помладиот наставен и научен кадар, особено оној, кој не е вклучен во тековни научно – истражувачки проекти.

**Поддршката при издавање на учебници на англиски или друг странски јазик**
Ова ќе значи финансиска и организациона поддршка за издавање на учебници на англиски јазик или друг странски јазик за кој има акредитирано соодветен наставен план.

**Воведување на нови методи во наставата**
Оваа активност ќе значи воведување на нови методи во наставата, одржувања на работилници, предавања и обуки со цел пренесување на современите искуства. Изминатиот период на работење, со воведувањето на online наставата, креира нов пристап

кон наставата. Ова ја отвори можноста и за учебници и други наставни помагала во дигитална форма. Посебен акцент ќе биде насочен кон воведувањето на интерактивни WEB наставни содржини кои ќе бидат на располагање на студентите. На пример, потребно е зголемување на атрактивноста на обуките преку интерактивно цртање, пресметки, анализи, аудио и визуелни ефекти и сл.

**Доопремување на постојните и формирање на нови наставни лаборатории**
За ова, во согласност со барањата на единиците на факултетот ќе се планира резервирање на финансиски средства за набавка и одржување на опрема за лабораториите каде се врши настава. Посебен акцент ќе биде ставен и кон академиите, за обезбедување на услови за изведување на нивна настава, вежби и други активности. Кон ова оди обезбедување дополнителни простори за наставни активности: училници, ателеја, галерии и сл., како и соодветни наставни помагала и опрема на нивно барање.

**Набавката на нови компјутери и лиценциран софтвер за настава**
Лиценцирани софтверските пакети ќе се користат за оние предмети за кои ќе покажат интерес факултететите. Секако, за нивно користење се планира набавка и на соодветна компјутерска опрема и доопремување на лабораториите или кабинетите каде ќе бидат сместени.

**Зајакнување на организирањето на програми за доживотно учење**
Оваа активност ќе значи реализација на програми, обуки, преквалификации и доквалификации во согласност со барањата на пазарот и пред сѐ големите компании. Во контекст на претходно наведеното е и зајакнување на центарот за доживотно учење како посебен квалитетно и стручно подготвен центар. Во него ќе имаат можност за учество сите заинтересирани наставници и соработници. Со него ќе се обезбедат услови за перманентно стручно и научно потпомагање и усовршување на целиот наставен и соработнички кадар во наредниот период преку формите за знаења и вештини, како при наставната, така и при научно – истражувачката дејност.

## 2.2. Наставни планови и програми

**Воведување на нови наставни планови**
Во соработка со деканските управи и со наставниот кадар, се планира воведување на нови наставни планови, но и рационализација на старите. Ова ќе значи пред сѐ унапредување на студентските програми за сите три циклуси на студии.

**Акредитација на интердисциплинарни студии**
Оваа активност би се изведувала на ниво на универзитет, кои би биле организирани од заеднички тела на одредени факултети кои ќе учествуваат во нив.

**Акредитација на нови студии на англиски и друг странски јазик**
Силна поддршка и за акредитација на студии англиски јазик и друг меѓународен странски јазик, за акредитација на **ниво на заеднички студии** со други универзитети од нашата држава и пред сè странски универзитети, особено со оние кои се повисоко рангирани од нашиот.

**Регулирани професии**
Предлог за воведување на акредитирани програми со кои ќе се дефинираат високообразовни профили со одредени компетенции на ниво на регулирани професии. Во ЕУ постои агенција во која се регистрирани сите регулирани професии со нивен назив, степен на образование и компетенции. На пример во ЕУ има регулирани професии за инженерството (машински, електро, рударски и друг профил). Со влегувањето во ЕУ овие идни акредитирани наставни планови би станале многу атрактивни. Тоа би значело и можност за многу полесна нострификација дури и можност за директно признавање на дипломите во државите на ЕУ. Предлогот за оваа активност ќе се изведува во интензивна соработка со Министерството за образование.

**Креирање на програми за континуирано учење, доквалификации и преквалификации**
Оваа активност ќе се развива во согласност со потребите на државата односно јавниот сектор и стопанството.

## 2.3. Практична настава

**Интензивирањето на практичната настава**
Оваа активност кај студентите од I циклус на студии би значело не само реализација на наставните цели туку и зголемување на компетентноста и квалитетот на стекнувањето на знаења и вештини. Оваа навидум незначителна наставна активност треба во целост да се реализира. За таа цел кај факултетите е потребно склучување на договори со надворешните компании и организации кои се од нивните соодветни области. Посебен акцент ќе се даде кон склучување на договори со големи компании. Во прилог на оваа активност е и визијата за вклучувањето на Универзитетот во формирањето и изградбата на технолошките – развојни зони, пред сè од аспект на вклучување на студентите во развојните центри.

## 2.4. Наставници и соработници

Наставниците и соработниците и пред сè студентите се главните актери во секој универзитет. Без вложување во нив не е можен развој на било која високообразовна институција. Главен приоритет во мојата програма е и подигањето на улогата и значењето на секој наставник. Професорскиот кадар за жал, денес се соочува со низа проблеми, кои го демотивираат во целосната реализација на поставените наставно - научни задачи. Секако ова е последица на времето во кое живееме: пандемијата, економската и

енергетската криза, но и нецелосното поставување на улогата и значењето на професорите. Неминовно се чувствува одредена апатија и незаинтересираност за сите процеси што се случуваат на нашиот универзитет.

Главни правци во кои би се подобрил статусот на наставниците и на соработниците се следниве:

1) Зголемување на платите. Императив е залагањето за зголемување на платите. како од буџетската сметка, така и од сопствената сметка на Универзитетот.
2) Зголемување на надоместоците за ментори во II и III циклус на студии, за домашни и пред сѐ странски студенти.
3) Создавање на услови за порамномерен и транспарентен пристап кон подготовка, аплицирање и реализација на научно – истражувачки проекти, мобилност и сл. Ова ќе значи јасни и транспарентни правила, постапка и услови за користење на грантови за мобилност на .....
4) Вложувања во унапредување и усовршување на наставниот и соработничкиот кадар преку:
   a) стимулирање за објавување на учебници. Посебен акцент ќе се посвети на објавување на учебници на англиски и друг странски јазик за кој има акредитиран наставен план и програм.
   b) поддршка и награда за објавување на научни трудови во еминентни списанија,
   c) поддршка за објавување, присуство и презентација на меѓународни конференции и симпозиуми, саеми и друг вид на научни и стручни настани,
   d) поддршка за мобилност и соработка со други Универзитети од регионот, ЕУ и светот;
5) Решавање на недостатокот на основни просторно - материјални услови за изведување на наставно - научниот процес. Ова особено доаѓа до израз на Медицинскиот факултет, Правниот факултет, техничките факултети, академиите, Филолошкиот факултет, Факултетот за туризам и бизнис логистика (во Кампус 4) како и за други факултети кај кои не се решени овие основни услови;
6) Зголемување на барањата за прием на нови кадри. Без прием на нови наставници и особено соработници нема развој на Универзитетот;
7) Зголемување на средствата за издвојување за набавка и формирање на нови наставни и научно – истражувачки лаборатории, како и поддршка на постојните.
8) Обезбедување на транспорт за наставници до Штип и до наставните центри надвор од Штип.
9) Зголемување на барањата за прием на лаборанти.

Со реализацијата на претходно наведените цели, според мое мислење би се постигнала основната цел кај наставниците: подигање на улогата и значењето на секој наставник.

## 2.5. Студенти

Студентите претставуваат суштина за постоењето на секој универзитет. Без студенти се губи смислата на постоење на било која високообразовна институција. Универзитет каде студентот е во „центарот на настаните“ може да има напредок, да ја стимулира мотивираноста на студентите, а со тоа да придонесе кон зголемување на нивната вклученост во процесот на учење.

Ова значи дека студентите на УГД треба да бидат ставени во улога на компетентни и активни партнери. Студентите не смеат да се разберат само како корисници на услугите. За таа цел мора да придонесеме кон зголемување на квалитетот на образовниот процес и вклучување на студентите во научно – истражувачката, но и апликативната работа на факултетите. За таа цел треба да се стремиме кон:

1) Подобрување на транспарентното и непристрасно вреднување и оценување на студентската работа. Еден од приоритетите би било секако и подобрување на механизмите на објективно оценување на студентите.
2) Подобрување на студентски стандард. Во услови на економска и енергетска криза ова е една од најголемите предизвици. Универзитетот во секој момент треба да има проактивна политика во водење дијалог со чинителите на извршната власт во однос на подобрување на сите аспекти на студентскиот стандард. Обезбедувањето на стипендии од УГД е еден од начините кои би ги потпомогнале најдобрите студенти. Исто така, треба максимално да се заложиме кон обезбедување на стипендии од надворешни компании кои би биле идни работодавци на нашите студенти. Следна активност е поддршка на студентските организации кон обезбедувањето на работа за студентите во време на летните одмори и сл.
3) Обезбедување на мобилност на нашите студенти во странски универзитети преку програмите кои што ја овозможуваат мобилноста. Посебен акцент ќе се посвети и на можноста за билатерални договори за мобилност со други универзитети со кои ќе се потпишат договори за размени на студенти. Размената на студенти се планира да биде во постојни студентски домови.
4) Намалување на трошоци за студирање. Предлог е да се направи анализа за можност за намалување на трошоците на студентите кон УГД. Исто така, треба да дадеме поддршка на политиката на студентските организации за склучување на договори со локалната самоуправа и фирми за “бенифицирани“ цени за студенти во нивниот секојдневен живот (на пример за бесплатен јавен превоз, потоа бенифиции за такси превоз, бенифиции во продавници, книжарници, сендвичари, кафе барови, и сл.), секако со користење на студентски легитимации.

5) Подобрување на условите за студирање. Освен подобрување на условите за студирање од наставен аспект, потребни се и дополнителни активности на пример преку дополнителна настава и вежби, зголемување на вниманието кон студентите од аспект на консултации, давања на насоки, мислења и сл. Организирање на простории – читални и библиотеки на факултетит, каде студентите би учели и би ги разменувале своите знаења. Посебен акцент потребно е да се стави на подобрување на Интернет комуникациите односно, зголемување на покриеност на free eduroam мрежата, потоа инсталирање на јавни компјутерски портали, информативни панели и сл.
6) Зголемување на грижата за време на студирањето на студентите. Сите студенти мораат да ги имаат истите права. Ова особено е значајно за студентите на наставните центри надвор од Штип, каде има дисперзирана настава. Во оваа смисла ќе се залагам за зголемување на комуникациите и можностите за организиран транспорт не само на наставници туку и студентите, за да присуствуваат на матичните факултети во нивните лаборатории и центри. Посебно внимание ќе биде посветено во поддршката и грижата кон студентите од ранливи и маргинализирани категории (студенти со низок социјален статус, студенти со инвалидитет, студенти без родители, со еден родител и др.). Во овој контекст, ќе се предложат стипендии, а и посебно ќе се регулира начинот на спроведување на наставата и полагањето на испитите.
7) Поддршка за нивно идно вработување. За оваа цел треба да се организира и засили работата на повеќе активни кариерни центри (освен во Штип и во другите наставни центри на УГД).

## 2.6. Администрација

Административниот кадар е кариката која го овозможува функционирањето на секој универзитет. Вложувањата во него е од големо значење. Програма за активности за подобрување на работата на административниот кадар е дадена во продолжение:

1) Анализа на потреба и предлог од нови вработувања во администрацијата.
2) Усовршување и професионализација на стручните служби преку нивна континуирана обука и останати форми на професионално унапредување преку стекнување на нови вештини и знаења.
3) Универзитетот во рамките на својата надлежност и положба ќе се заложи за трансформација на вработувањата на определено време во вработувања во неопределено време. Нерешениот статус на вработениот во администрацијата создава кај него несигурност, недоволен ангажман и воопшто демотивираност. Исто така, со префрлањето на финасирањето од сопствената сметка на Универзитетот во буџетската ќе значи и големо финансиско релаксирање со можност за пренасочување на финансиските средства во приоритентни активности.
4) Целосна дигитализација на процесите особено во оние делови каде сè уште постојат такви активности кои би можеле да се дигитализираат, а со тоа и да се зголеми нивната ефикасност.

5) Обезбедување на зголемена транспарентност во работењето на администрацијата, со ставање на акцент на професионалноста во извршувањето на активностите и сл.
6) Користење на меѓународни програми и други проектни линии за административен кадар и за подобрување на условите за работа .

# 3. НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА И УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

## 3.1. Научно – истражувачка дејност

Развојот на науката и истражување е основа за севкупен развој на Универзитетот, а и на државата. За да се постигне ова, мора да се мобилизираат сите сили во рамките на Универзитетот на многу „поагресивен“ меѓународен план, како во вмрежување, така и во подготовка на меѓународни проекти и подобрени апликации за наука и истражување.

Во последните десетина години ЕУ донесе голем број на препораки, заклучоци и одлуки, со цел консолидирање и структурирање на европските истражувачки политики и зголемување на интернационалната конкурентност (Euopean Research Area, ERA). Односно, воведени се поголем број на финансиски фондови и мрежи, со цел да се постигнат проектираните резултати (на пример: European Regional Development Fund, Cohesion Fund, Creative Europe Framework, European Social Fund и др.). ЕУ ја промовира целта државите членки, уделот на јавните средства наменети за истражување во ЕУ да се зголемува и да достигне до 3 % од бруто домашниот производ (БДП). Статистиките покажаа, дека средниот европскиот просек според Европската комисија за средства наменети за научно – истражување е околу 2,3 %.

За постигнување на оваа цел, секако е потребна поддршка на државата кон финансирање на научно – истражувачката работа. Но ова не значи, дека треба само да се потпреме на државно финансирање. Потребни се, пред сè, зголемени кофинансирања од меѓународни проектни програми, соработки со големите компании и сл.

Ито така, за да се постигне оваа цел треба да ги користиме сите наши искуства, искуствата на другите универзитети, сè со цел да обезбедиме услови за поголем развој на процесот на подготовка и апликација на меѓународни проекти од сите факултети и академии на Универзитетот. Тоа значи целосно искористување на веќе поставената мрежа на поврзување со странските универзитети, другите меѓународни институции со кои досега постои соработка, нејзино проширување и развој преку зголемување на мобилноста на наставниците и соработниците, студентите и административниот кадар.

При тоа за да ја развиеме научно – истражувачката работа ги предвидувам следните активности:

1) Максимизирање на потпишувањето на договори за соработка со универзитети во непосредното окружување на нашата држава, потоа со универзитетите во ЕУ и останати универзитети од светот каде имаме можност за соработка. Особено ќе се потенцира развојот на идна соработка со универзитети кои имаат повисоко рангирање.
2) Зголемување на слободниот пристап и децентрализација на процесот на подготовка на меѓународни проекти.

3) Формирање на тим под раководство на проректорот за наука и ново избраните продекани за наука, во кој дополнително ќе влезат сите заинтересирани професори чија задача ќе биде:
    a) Да собираат информации за тековните повици за меѓународни проекти;
    b) Формирање интерна информативна мрежа на УГД во која ќе се делат расположиви информации поврзани со тековните повици за меѓународни проекти, статусот на повиците, барања и потреби од учесници за дополнувања на тимови за аплицирање како и останати информации кои би помогнале во аплицирањето и реализацијата на добиените проекти. Особено овде се алудира на поголеми интердисциплинарни проекти за кои се потребни поголеми тимови од разни области;
    c) Формирање на база за научно - истражувачка опрема која е составен дел во научно – истражувачките лаборатории;
    d) Дисеминација на стекнатото искуство и трансферот на знаење;
    e) Вмрежување и научна соработка на Универзитетот со останатите заинтересирани универзитети во државата.
4) Поддршка за иницирање на заеднички научно - истражувачки активности (научни проекти, конференции, симпозиуми, советувања, работилници, летни школи, семинари и др.), со престижни високообразовни меѓународни институции.
5) Креирање на услови за развој и стимулирање на истражувањето во непосредното опкружување. Стимулирање на универзитетскиот кадар да иницира и предлага заеднички научно - истражувачки проекти со невладини организации, државни институции, локална самоуправа и сл.
6) Зголемување на стручно - административните капацитети на одделенијата за наука и меѓународна соработка, со цел поддршка на истражувачите при подготовка и реализација на национални и меѓународни научно - истражувачки проекти.
7) Зголемена финансиска поддршка на единиците на Универзитетот кои издаваат научни списанија со меѓународен издавачки одбор. Поддршка за нивно индексирање во реферетни цитатни бази.
8) Финансиска поддршка за стручна лектура на трудови кои ќе се објавуваат во еминетни научни списанија.
9) Формирање на центар за трансфер на технологии и иновации. Со вклучување на студентите во работата на овој центар и широка дисеминација на резултатите од истражувањата би се надминал јазот помеѓу Универзитетот и индустријата. Со овој центар ќе се донесе реалниот сектор поблиску до студентите. Во оваа насока е и помошта на завршените студенти да стартуваат свои бизниси и да се остварат во делот на претприемништво и иноваторство.
10) Зголемено ангажирање на нов и млад кадар во научно – истражувачкиот процес. Ова ќе значи вклучување на студентите од II и III циклус во поголеми меѓународни проекти, каде и основата на нивните истражувања би можела да биде поврзана и кофинансирана од фондот на овие проекти.
11) Вклучување на сите меѓународни програми од ЕУ кои предвидуваат средства за вработување или финансирање на млади истражувачи, што може дополнително да придонесе кон развојот на научно – истражувачката работа.

12) Формирање на нови и доопремување на постојните научно - истражувачки лаборатории. За оваа програмска активност подетално ќе биде дадено во делот за научно – истражувачки центар и лаборатории.

Во контекст на организираност на факултетите, програмска цел е и избор на уште еден продекан за наука на факултетите и академиите, секако, онаму каде условите го дозволуваат.

## 3.2. Уметничка дејност

Според структурата на нашиот универзитет постојат 3 академии чија основна дејност освен во наставната, научно – истражувачката е и уметничката дејност. Посебен интерес во програмата е посветен токму на овие академии. Дипломираните кадри на овие факултети претставуваат амбасадори на уметноста и културата на нашата држава во Европа и светот. Но, денешната состојба со нив укажува на потребата од посериозна поддршка пред сѐ од аспект на обезбедување на подобри и поквалитетни услови за работа, вработување на нов кадар и подобрување на просторните услови. Во продолжение се дадени програмските цели кои би ја помогнале работата на академиите односно би го подигнале квалитетот на уметничката и културна дејност:

1) Обезбедување на дополнителна просторна инфраструктура;
2) Стимулирање и поддршка за работа на програми од областа на уметноста и културата на ниво на државата и ЕУ;
3) Финансиска поддршка на наставниот и соработничкиот кадар за зголемување на бројот и квалитетот на уметничките и културните активности, пред сѐ во одржување на концерти, изложби, презентации, визуализација, предавања и сл.
4) Финансиска поддршка за опремување на ниво на наставна лабораторија, уметничко ателје, галерија и музички дворана за потребите на соодветна академија.
5) Финансиска поддршка за вклучување на надворешни професори и истакнати уметници за изведување на практична настава врз основа на барања од менаџментот на академиите.

# 4. ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Интернационализацијата на УГД би требало да оди во правец кон континуирано зголемување на меѓународната препознатливост на Универзитетот, потоа зголемување на атрактивноста за привлекување на странски студенти, како и зголемување на мобилноста во регионот, Европа и светот.

Една од целите на интернационализацијата е Универзитетот да се промовира како еден од столбовите на националното ширење на македонската наука, јазик и култура. За таа цел потребна е мобилизација на вклучување на интернационалните комуникации во сите дејности на Универзитетот, од настава, преку научно истражување па сè до култура и уметност.

Според мојата програма, а и стратегијата за развој на Универзитетот, предвидените програмски цели за интернационализација, се состојат во:

1) Интернационализација на наставната дејност. Ова ќе се постигне преку:
   a. Креирање на заеднички студиски програми со универзитети од странство, како и воведување на т.н. заеднички дипломи.
   b. Зголемување на препознатливоста со воведување на акредитирани наставни планови и прогами на англиски и меѓународни странски јазици
   c. Стимулирање на издавање на учебници и друг вид на учебни помагала на странски јазици за кои има акредитирани соодветни наставни планови и прорами
   d. Обезбедување и зајакнување на административна поддршка за поголема мобилност на наставници, соработници и студенти
   e. Поддршка за зголемување на учеството на наставниците и соработниците во разни меѓународни институции, поддршка за членство во научни одбори на странски списанија, научни конференции и симпозиуми
   f. Привлекување на визитинг професори
   g. Привлекување на странски студенти
2) Интернационализација на научно – истражувачката, уметничката и културната дејност. Ова ќе се постигне преку:
   a. Потпишување на билатерални договори, рамковни договори за соработка, изработка и учество во меѓународни проекти и истражувања, мобилност на наставен и соработнички кадар, студенти и сл.
3) Интернационализација и учество во регионални, европски и меѓународни научни мрежи и институции.

## 5. НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР И ЛАБОРАТОРИИ

Еден од основните предуслови за развој на наставната и пред сè научно – истражувачката дејност се токму лабораториите. Формирањето и развојот на наставни лаборатории се императив за квалитетна лабораториска настава и вежби. Без научно – истражувачки лабороторији нема развој на научното истражување. Дел од овие лаборатории се користат и за изведување на апликативна работа при соработка со бизнис заедницата. Еден од основните програмски задача е засилување на работата на научно – истражувачки центар. Во него дополнително би се создале услови за формирање на дополнителни лаборатории од разни заинтересирани единици на Универзитетот. За засилување на работата на научно – истражвачкиот центар, ги планирам следните активности:

- Анализа на постојните просторни капацитети на Универзитетот. Во овој центар, на барање за дополнителен простор ќе можат да учествуваат и носителите на постојните лаборатории на Универзитетот.
- Комуникации со надлежните министерства и други надлежни институции околу можноста за изградба на нов објект.
- Изработка на физибилити студија, а потоа и основен проект за градба и опремување на објект за научно – истражувачки центар. Со овие активности ќе се дефинираат сите аспекти околу идните лаборатории кои ќе бидат дефинирани на база на соработката и барањата на наставниците и соработниците од единиците на Универзитетот.
- По обезбедување на потребната документација, дозволи и затворање на финансиската конструкција ќе се пристапи кон изградба на објект за научно – истражувачкиот центар.

Онаму каде постојат и каде има услови за формирање и доопремување на наставните и научно – истражувачките лаборатории, планирани се следните програмски цели:

- Доопремување на постојните лаборатории со нова, современа, модерна опрема;
- Формирање на нови научно – истражувачки лаборатории;
- Поддршка за акредитација на методи кои се користат во лабораториите;
- Максимизирање на барањата и обезбедување на нови согласности за прием на лаборанти;
- Вклучување на студенти од II и III циклус во научно – истражувачката работа во лабораториите.

# 6. УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Управување со квалитет се изведува преку Центарот за обезбедување на квалитет. Врз основа на целите и задачите на овој центар, ќе се овозможи реализација на предвидените активности, од кои би ги потенцирал зачувување на интересот на Универзитетот и општеството, за развој и одржување на квалитетот и стандардот на високото образование како и останатите кои се составен дел од Правилникот за организација и работење на Центарот за обезбедување на квалитет.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, програмските цели за управување со квалитетот ќе се состојат во следното:

1) Зајакнување на улогата, значењето и активноста на Центарот за обезбедување со квалитет;
2) Одржување на академските стандарди;
3) Унапредување на квалитетот на можности за стекнување со знаења и вештини на студентите;
4) Обезбедување на минимални стандарди за квалитет во сите дејности на Универзитетот;
5) Развој и поттикнување на култура на квалитет;
6) Обезбедување на навремени и транспарентни информации до сите чинители на универзитетскиот живот;
7) Воспоставување и зајакнување на системи за квалитет на научно – истражувачка работа и уметнички активности.

## 7. УНИВЕРЗИТЕТСКИ СПОРТ

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип од основањето зема учество во меѓууниверзитетските натпревари организирани и поддржани од Универзитетската спортска федерација на Република Северна Македонија и воедно станува рамноправен член на истата. Оттогаш, студентските спортски екипи на Универзитетот во мал фудбал, кошарка, пинг-понг и шах учествуваат во системот на натпревари во државни универзитетски лиги на Република Северна Македонија.

На ниво на универзитет постои Универзитетски спортски центар кој е задолжен да ги развива и унапредува спортските активности на студентите и вработените. Во рамките на овој спортски центар се опфатени екипи од повеќе спортови. Секако, ситуацијата во изминатиот период со ограничувањата во спроведувањето на антиковид мерките, придонесе за намалување на активностите во универзитетскиот спорт. Но како и да е, во Универзитетот функционираат универзитетски клубови во кошарка, пинг-понг, одбојка, шах и фудбал. Оние студенти кои имаат афинититет кон спортот можат тоа да го реализираат преку настапи во рамките на турнири и останати натпреварувања на ниво на универзитетите во државата.

Реализацијата на следните цели би помогнала во афирмирање на спортот во Универзитетот:

1) Поддршка за создавање на услови за настапи на универзитетските клубови во земјата и во странство,
2) Учество во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот на студентите и наставниот кадар;
3) Развој и поддршка на активностите за спорт и рекреација на студентите со попреченост;
4) Создавање на услови за правилно насочување на студентите и организирање на нивните спортски активности;
5) Медиумско популаризирање и афирмирање на студентските спортски активности;
6) Подобрување на материјално-техничките услови за работа;
7) Ставање во целосна функција на спортскатата сала “Јордан Мијалков“ во Штип.

# 8. ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА

Имајќи го во предвид искуството во досегашното функционирање на Универзитетот од аспект на обезбедување на просторни капацитети, може слободно да се констатира дека се направени многу напори за нивно обезбедување. Но, постојат и одредени проблеми кои би можеле да се надминат или минимизираат. Во продолжение се дадени планираните активности за решавање на одредени просторни проблеми:

**1) Изградба на нови и доградба или пренамена на постојни објекти**
За реализација на оваа активност, најнапред ќе се формира работна група која ќе има за цел да ги контактира деканските управи на сите факултети, да направи анализа на нивните барања и да предложи решенија. Во комуникација со надлежните органи на државно и локално ниво се планира да се пронајдат решенија за изградба или адаптација на постојните објекти. Врз основа на согледувањата и контактите со наставниот и соработничкиот кадар, проблеми со недостаток за простор има на повеќе факултети: од кои би ги споменал: Машинскиот факултет, Електротехничкиот факултет, Технолошко – технички факултет во Кампус 2, Правниот факултет, Факултетот за медицински науки, Филмска академија и Музичка академија и др.

**2) Решавање на просторот од факултетите сместени во Кампус 4**
Имено, врз основа на мислењето на наставниот и соработничкиот кадар, постојат проблеми од аспект на несоодветни услови на работа, оштетување на кровот, протекување на вода, далечината на Кампусот која носи дополнително финансиско оптоварување за студентите и сл. За решавање на овој проблем, потребно е да се направи анализа заедно со менаџментот на овие единици за нивно дислоцирање во простори од останатата инфраструктура на Универзитетот лоцирана во Штип. Секако, ќе се планира и санација на покривот на објектот.

**3. Објектот на Кампус 4**
Оваа активност ќе значи анализа на објектот на Кампус 4 за негово преадаптирање во објект во зависност од потребите на Универзитетот. За ова ќе се направи детална анализа, потоа контакти со надлежните министерства и државни органи и дури тогаш ќе се пристапи кон изработка на соодветен проект за пренамена и адаптација на просторот. Една од опциите е можно користење како научно – истражувачки центар. Секако за ова се потребни посериозни анализи и соодветни проектни решенија и дозволи од надлежните органи, со кои би се подкрепила реализацијата на оваа идеја.

**4. Инсталирање на фотоволтаични панели**
Оваа активност ќе се спроведе по подетална анализи околу можноста за склучување на договор со приватни компании и формирање на ЈПП (јавно – приватно партнерство) за поставување на фотоволтаични панели и нивно поврзување во системот за снабдување со електрична енергија на Универзитетот. Секако, за оваа активност ќе се побара согласност од надлежните државни органи. Со ова како општествено одговорна институција,

Универзитетот ќе придонесе не само во намалување на трошоците за електрична енергија туку и ќе биде лидер во промоцијата на алтернативните извори на енергија. Кон ова во прилог оди и следната активност.

**5. Поставување на места за полнење на возила на електричен погон**
Оваа активност ќе ги користи бенефитите на претходната активност, но и дополнително покривање на одредени места за паркирање во кампусите со фотоволтаични панели. Посебен акцент ќе се посвети на можноста за полнење на електрични велосипеди, мопеди и тротинети, како и изградба на соодветни места за нивно безбедно паркирање (чување). Реализацијата на оваа цел ќе се изведе како јавно – приватно партнерство со компании кои имаат соодветни овластувања.

**6. Зголемување на Интернет покривањето на универзитетските кампуси**
Со оваа активност ќе се зголеми покриеноста на просторот со бесплатен WIFI пристап. Односно, ќе се зголеми покриеноста на eduroam Интернетот за студентите и вработените, како и за странските студенти, професори, соработници и администрација, кои користат мобилност на Универзитетот. Оваа активност ќе биде изведена во согласност и дозвола со надлежен орган (Агенција за електронски комуникации – АЕК и др.).

Како идеја, во продолжение би ја напоменал следната активност:

**Изнаоѓање со пренамена или изградба на простор за Универзитетски клинички центар**
Оваа активност засега е на ниво на идеја. За да добие било каква посериозна смисла, потребни се многу активности, ангажамани и релативно подолго време. Се надевам дека во наредниот 3 годишен период ќе започне реализацијата на оваа идеја, а со тоа и почеток за изнаоѓање и пренамена на постоен објект или изградба на нов.

Имајќи го во предвид 15-годишното постоење на Универзитетот, со реализацијата на следните активности би се подобрила состојбата со опремата:

- Набавка на канцелариска опрема онаму каде што недостасува или има потреба од замена;
- Набавка на компјутерска опрема, поради застареноста и замена на постојната;
- Набавка на наставни помагала и обновување на постојните онаму каде се застарени или се нефункционални;

# 9. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип капиталните инвестиции (CAPEX) ги обезбедува од државата за изградба на инфраструктурни објекти и набавка на основна опрема. Еден дел од финансиските средства ги обезбедува и од сопствените приходи. Овој дел во зависност од анализите на состојбата, ќе се користи за помали инвестиции за реконструкции или набавка на опрема.

Во наредниот тригодишен период ,капиталните инвестиции ќе бидат насочени кон следните цели:

- Обезбедување на средства од Министерството за образование за изградба на нови објекти или надградба или реконструкција на објекти кои би се користеле за решавање на проблемите на недостаток на простор на одредени единици на Универзитетот;
- Обезбедување на средства од Министерство за образование за изградба на нов или реконструкција со пренамена на простор за научно – истражувачки центар;
- Обезбедување на средства за компјутерска опрема и канцелариски мебел и опрема;
- Обезбедување на средства од од министерството за образование и наука и од меѓународни проектни програми (изградба на капацитети) за формирање и доопремување на постојните лаборатории;
- Обезбедување на средства за дополнително подобрување на стандардите за работа на единиците.

## ЗАКЛУЧОК

Предложената програма за понатамошен развој на Универзитетот “Гоце Делчев“ во Штип, доколку бидам избран за ректор би ја реализирал со почитување на следните начела:

- Реализација и спроведување на сите академските норми заедно со наставно – научниот, соработничкиот и административниот кадар, како и со студентите кои се главни чинители на високо - образовниот процес;
- Ќе се залагам за целосна автономија на Универзитетот “Гоце Делчев“ во Штип.
- Целосно ќе ги почитувам автономните права на едниците;
- Ќе ја интензивирам соработката со проректорите, деканите на факултетите и академиите и со сите останати чинители на наставната и научно – истражувачката и уметничката дејност на Универзитетот “Гоце Делчев“ во Штип;
- Вратите на ректоратот ќе бидат отворени за сите вработени на Универзитетот како и за сите студенти;
- Ќе бидам подготвен за разгледување на секоја идеја од наставниот кадар, студентите и администрацијата која ќе има за цел подобрување на работата на Универзитетот “Гоце Делчев“ во Штип;
- Ќе поддржувам транспаретност во работата;
- Максимално ќе се залагам за студентите и подобрување на квалитетот на нивно образование;
- Ќе се залагам за соработка со студентските организации и континурана поддршка за подобрување на нивниот стандард.
- Ќе се залагам за соработка и решавање на сите отворени прашања поврзани со Синдикатот на вработените од една страна и извршната и законодавната власт од друга страна.
- Максимално ќе се залагам за подобрување на условите на работа на вработените со континуирана тенденција на зголемување на финсансиски средства за плати, капитални инвестиции, како и средства за тековно работење;
- Максимално ќе се залагам и ќе барам од надлежните министерства согласности за вработување на млади кадри за наставна и научно – истражувачка и уметничка дејност. Исто така, максимално ќе се залагам за добивање на согласности за вработување и за нов административен кадар.
- Како последно начело, ја потенцирам мојата спремност да посветам посебно внимание на секој вработен или студент, со цел да одговорам на сите отворени прашања.

Штип, 19. 05. 2022 год. Проф. д-р Зоран Панов